


Само во оден дел од нашата страдална татковина, во Вардарска Македонија, Македонецот може денес слободно да го изрази своето национално чувство да каже дека е Македонец. Во другите два дела на несреќна Македонија нашите сонародници се присилени да бидат викани она што тие не се, па дури и да не смеат да зборуваат на својот мајчин јазик. Нашите браќа и сестри под грчкото и бугарско ропство постојано се нзложени на систематски денационизаторски режим кој има за цел да ги уништи како народ, да ги погрчи и побугари, или пак присилно да ги исели од нивното родно огниште.

Денешните национални угнетувачи на нашиот народ во своите денационализаторски политики се служат и со научни, културни и црковни институции. Македонци гнијат денес по грчки и бугарски затвори само загоа што се Македонци, што сакаат и занавек да си останат такви; бугарски и грчки учители однародуваат по школите македонски деца, по македонските храмови пеат грчки и бугарски попови и владици со Евангелие во раце ги заколнуваат своите верници да станат добри Грци или Бугари. Софија и Атина за богати плати имаат ангажирано стотина научии и културни работници во задачата и камењега во нашиот македонски Вардар да ги прикажат „научни“ како бугарски и грчки. Целото историско минато на нашиот народ, неговата култура, неговиот јазик и се' друго што е негово, се присвојува, фалсификува, негира, краде и уништува. Бугарски и грчки националистички пропагандисти под маска на историчари шетаат денес по разни европски универзитети и други научни и културни центри за да ја спречуваат вистината за Македонија и Македонците да стигне до странскиот научен и културен свет, до надварешното јавно мнение. Бугарски и грчки дипломати не жалат време и средства кога треба да се спречи печатење на некоја објективна книга за Македонија во странсгво или кога требе да се појави во превод на некој странски јазик некоја творба од македонските писатели.



[illegible]